РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 02-616/4
17-08 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 од Статутот на Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија, в.д. директорот ја донесе следната:

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1. ВОВЕД

Во врска со Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија донесен на ден 02.03.2021 година, договорните органи се задолжуваат да донесат акт со кој поконкретно ќе се уреди спроведувањето на постапките на јавните набавки во институцијата, а во тесна врска со имплементирањето на одредбите на Законот за јавните набавки („Службен весник" на Република Северна Македонија бр. 24/2019 и 87/2021).

## 2. ЦЕЛ

Целта за која оваа Интерна процедура е постапување согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик претседателот задолжен за борба против корупцијата, одржлив развој и човечки ресурси.

## 3. ОПСЕГ

Оваа Интерна процедура се однесува на сите вработени и ангажирани лица кај договорниот орган, особено оние кои се вклучени во процесот на спроведување на јавните набавки, односно: лицето за јавни набавки, Комисијата за јавни набавки, лицата надлежни за подготовка на техничките спецификации, лицата надлежни за реализацијата на договорот за јавната набавка, одговорното лице на договорниот орган и организациската единица за сметководство.

## 4. НАЧЕЛА

Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Северна Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

### 4.1 Начело на економичност, ефикасност и ефективност

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.